Технолошко-технички факултет-Велес

| Примено: | 09.10.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 350/1 | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 1409-391/4
06.10.2020 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 5 седница одржана на 29.07.2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Иновативни технологии за храна и нутриционизам" од трет циклус докторски студии на Технолошко - технички факултет Велес при Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола**

1. Се акредитира студиската програма за „Иновативни технологии за храна и нутриционизам" од трет циклус докторски студии на Технолошко - технички факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2020/2021 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на техничко - технолошки науки од облкаста на Иновативни технологии за храна и нутриционизам /во меѓународен промет академски назив Dr.sc Technical - technological sciences in the field od innovative technologies of food and nutrition.

4. Научно - истражувачко подрачје: Техничко - технолошки науки, Биотехнички науки.
Научно – истражувачко поле: Технологија на прехранбени производи, Прехранбена технологија
Научно – истражувачка област: Прехранбено инженерство, Нутриционизам, Друго.

5. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се проф. д-р Ана Трајковска - Петковска, проф. д-р Горица павловска, проф. д-р Зора Узуноска, проф. д-р Валенита Павлова, проф. д-р Драган Дамјановски, проф. д-р Татјана Калевска, проф. д-р Весна Антоска Knight.

6. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

7. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената одлука бр. 14-1331/7 од 30.10.2019 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма од трет циклус на студии „Иновативни технологии за храна и нутриционизам", на Технолошко - технички факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.1409-391/2 од 07.11.2019 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 3-та седницата одржана на 01.07.2020 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.1409-391/3 од 31.08.2020 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 5-та седница одржана на 29.07.2020 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование
Академик Владо Камбовски